З.2. ОДДЕЛЕНИЕ **за енергетска ефикасност,** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење на административно општи работи од областа на енергетската ефикасност,
- изготвување на програма за јавно осветлување и нивна реализација,
- грижа за уличното осветлување, реконструкција и изградба,
- вршење стручен надзор и подготовка на извештаи и ревизии на програмите за енергетска ефикасност и
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

S. **СЕКТОР за односи со јавност и информација на граѓаните** е надлежен за извршување на следните работи и задачи:

- вршење на работи и задачи што се во функција на остварување на начелото на јавност и транспарентност во работењето на органите на Општината;
- информирање на пошироката јавност за работата на Градоначалникот;
- организирање на контакти со средствата за јавно информирање и обезбедување на присуство на нивни претставници на прес-конференциите и на брифинзите со Градоначалникот и Претседателот на Советот, како и на седниците на Советот;
- изготвување и уредување на локалниот весник “Карпош” и на Службеното гласило на Општината;
- овозможување слободен пристап до информации од јавен карактер;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

S.1.ОДДЕЛЕНИЕ **за односи со јавност** ги врши работите што се однесуваат на:

- организирање на комуникација со медиумите во однос на активностите на органите на Општината;
- подготвување на прес-конференциите, брифинзите и интервјуата со новинарите;
- анализирање на дневниот клипинг и учествување во дневните брифинзи за Градоначалникот на Општината;

- давање на писмени и усни одговори на прашања од новинарите поставени преку сите комуникациски медиуми
- дневно ажурирање на информативниот портал на општината,
- продукција на сопствена емисија “ Карпош визија “ за активностите на органите на општината,
- организирање на ПР- кампањи по повод големи манифестации и настани во организација на Општина Карпош и
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

S.2.ОДДЕЛЕНИЕ **за информации на граѓаните** врши работи што се однесуваат на:

- остварувањето контакти со граѓаните во функција на давање помош и информации за прашањата што се од нивен интерес со цел граѓаните да ги остварат нивните права загарантирани со Устав, закон и други прописи и општи акти;
- изготвување на пишани процедури и постапки за постапување и заштита со податците на граѓаните кои имаат карактер на заштитени податоци,
- посредување при остварувањето на слободен пристап на информации од јавен карактер;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 14**

И.СЕКТОР **инспекторат** е надлежен за извршување на следните работи и задачи:

- следење и применување на прописите од областа на инспекцискиот надзор во локалната самоуправа, урбанистичкото планирање, градежништвото, комуналните дејности, заштита на животната средина, управување со отпадот и други прописи и општи акти кои се однесуваат на работењето на Одделението;
- вршење инспекциски надзор за легалноста при изградбата на објекти;
- наредување, прекинување на изградба, отстранување на градба и затварање на градилишта и други работи согласно со Законот за градење;
- вршење инспекциски надзор во областа на донесувањето на урбанистичките планови;
- вршење увид во начинот на чување и заверување на урбанистичките планови и картираните подлоги;
- вршење инспекциски надзор врз законитоста на решенијата за локациски услови и други работи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање;
- вршење инспекциски надзор од областа на комуналните дејности согласно Законот за комуналните дејности;
- преземање активности за отстранување на нерегистрираните моторни и други возила од јавните површини;

- инспекциски надзор над примената на поблиските прописи, техничките нормативи и стандардите при изведувањето на работите и употребата на материјалот при изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на тие патишта и улици, согласно Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавни патишта;
- инспекциски надзор од областа на заштитата на животната средина согласно Законот за животната средина и други прописи од оваа област;

***И.1. ОДДЕЛЕНИЕ за урбанистичка и градежна инспекција***

ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење работи што се однесуваат на континуирано следење на законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа и законите и другите прописи за чие извршување е надлежен секторот;
- вршење работи на инспекциски надзор над примената на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, прописите од комуналната сфера и од патниот сообраќај и патиштата и подзаконските акти и прописи од областите,
- водење управна постапка во прв степен и донесување решенија;
- поднесување барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;
- вршење стручна обработка на прашања што се од значење за примена на законските прописи;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

И.2. **ОДДЕЛЕНИЕ за комунална инспекција** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа поврзани со комуналниот ред во Општината;
- вршење инспекциски надзор согласно на прописите и Одлуките на Општината кои се однесуваат на комуналниотред.
- вршење работи на инспекциски надзор над примената на Законот за комунални дејности,
- поднесување барања за поведување прекршочна постапка и
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

И.3 **ОДДЕЛЕНИЕ за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење на работи на инспекциски надзор над работите од другите надлежности на

Општината;
- следење , односно спроведување на законите, подзаконските акти и прописите на Општината согласно Законот за животната средина, Законот за просветната инспекција, Законот за угостителство, Законот за туристичка дејност, Законот за спортот, Законот за даноците на имот Законот за комуналните такси, Законот за таксата за привремен престој и Законот за домување;
- водење управна постапка во прв степен и донесување решенија;
- вршење стручна обработка на прашања од значење за примена на законсктие прописи;
- поднесување барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постпака и
- вршење други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 15**

**<u>Ј. СЕКТОР за поддршка и организација на работата на Советот на општината и архивско-административни работи</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- обединување, координирање, контролирање, следење и унапредување на меѓусебната соработка на Одделението за поддршка и организација на работата на советот и Одделението за стручно-административни и архивски работи,
- следење и проучуање на законските и другите прописи од значење за локалната самоуправа и изготвување на концепти и основи за нормативни и други општи акти со кои се уредуваат прашањата од надлежноста на Советот на општината,
- следење и проучување на законските и подзаконски акти од областа на канцелариското и архивското работење,
- иницирање и предлагање на донесување на прописи од надлежност на Советот,
- вршење стручни, организациони и други работи во подготвувањето, одржувањето и реализацијата на седниците на Советот на општината и на работните тела на Советот на општината,
- предлагање на тези и проучување и следење на прашањата од локалната самоуправа што треба да претставуваат основа за изготвување на Програмата за работа на Советот,
- подготвување информации и други материјали по прашањата од областа на локалната самоуправа и
- други работи што ќе му ставени во надлежност.

**Ј.1. ОДДЕЛЕНИЕ за поддршка на работата на Советот** ги врши работите што се однесуваат на:
- подготвување, организирање и реализирање на седниците на Советот на

Општината и на неговите работни тела,

- изготвување на Предлог-Програмата за работа на Советот и следење на нејзината реализација,
- изготвување на текстови на одлуки, заклучоци, извештаи, записници и други општи акти од надлежност на Советот и на работните тела на Советот, водење стенографски белешки од седниците на Советот, а по потреба и од седниците на работни тела на Советот,
- давање стручни мислења во врска со работата на Советот,
- вршење номо-техничко обликување на прописите донесени на седниците на Советот за нивно објавување,
- давање стручна и друга помош на членовите на Советот и
- други работи што ќе му бидат ставени во надлежност.

Ј.2. **ОДДЕЛЕНИЕ за стручно – административни и архивски работи** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и применување на законските прописи и општите акти за канцелариско и архивско работење,
- навремено донесување на Планот за архивски знаци и листите на категории и за чување на архивска граѓа,
- водење евиденција за правилно архивирање на предметите според Планот за архивски знаци и листите на категории за чување на архивска граѓа,
- употребување на штембилите по овластување на Градоначалникот на општината
- други работи што ќе му ставени во надлежност.

К. ОДДЕЛЕНИЕ **за човечки ресурси е** надлежно за извршување на следните рабтни задачи на:

- изготвува функционална анализа на работните места во општината и методолошка, организациска и техничка поддршка во изработка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места,
- обезбедува стручно-оперативна и логистичка поддршка во спроведувањето на постапките за пополнување на слободно работно место во општината во врска со воведувањето во работата и менторството,
- го координира системот на оценување на административните службеници во општината и врши аналитичка обработка на податоците,
- изготвува анализа за потребите од обуки, подготвува годишна програма за обуки на вработените во општината, ја следи и анализира подготовката на извештаите за степенот на реализацијата на обуките,
- развива политики за унапредување на дисциплината на вработените во општината и обезбедува стручно оперативна поддршка во водењето на постапките за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност,
- води персонална евиденција во општината,

- води евиденција за присутност на вработените и за користење на работното време, изготвува извештаи за тоа и ги доставува до стручната служба за исплата на плати и надоместоци на плати,
- врши пријавување и одјавување на вработените во надлежните органи и служби,
- ја следи и води кадровската политика на општината,
- подготвува акти кои произлегуваат од законските и подзаконските обврски кои се однесуваат на вработувањето и другите акти во врска со административните службеници од аспект на управување со човечките ресурси,
- комуницира и соработува со секторите/одделенијата на општината.

**Член 16**

**Л. ОДДЕЛЕНИЕ за внатрешна ревизија** е надлежно за извршување на следните работи и задачи:

- ревизија на регуларноста и на системите на внатрешната контрола,
- проценка на согласноста на работењето на општината со законите, подзаконските акти и интерните акти,
- проценка на функционирањето на финансиското управување и контрола на општината,
- давање на оценка за значајни фактори на ризик и давање совети на раководните работници во општината за намалување на факторите на ризик,
- изготвување на извештаи од извршените ревизии на регуларност и на системите на внатрешна контрола,
- следење на спроведувањето на превземените мерки од раководните работници во општината врз основа на препораките од ревизорските извештаи,
- подготвување на годишен план за внатрешна ревизија и измени и дополнувања на планот врз основа на проценката на ризикот,
- подготвување на упатство за работа на внатрешна ревизија,
- информирање на Градоначалникот за постоење на конфликт на интереси при вршење на ревизорски задачи, како и за сомнеж на нерегуларности или измами во постапката,
- подготвување на квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија и
- врши други работи од областа на внатрешната ревизија.

**Член 17**

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа во согласност со законот.

## III.НАЧИН И ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ СО ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТА

**Член 18**

**Колегиум**

Заради ефикасно работење и целосно остварување на работите и задачите на Општина Карпош се формира колегиум.

Колегиумот го сочинуваат:

1. Секретарот на општината,
2. Раководителите на Секторите,
3. Помошниците раководители на секторите
во случај на отсуство на раководителите на сектори и
4. Раководителите на Одделенијата.

**Член 19**

Работата на општинската администрација е јавна.
Со општинската администрација раководи Градоначалникот на Општината.
Со секторите во општината раководат раководители на сектори.
Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот со секторот раководи помошник на раководителот на секторот.
Со одделението раководи раководител на одделението.
Во случај на спреченост или отсутност на раководителот на одделението го заменува административниот службеник со највисоко звање од одделението кој ќе го определи раководителот на секторот.
Раководењето и Координацијата меѓу Секретарот и раководителите на Секторите се остварува преку колегиуми, кои се одржуваат најмалку еднаш во месецот.

**Член 20**

Вкупниот број на вработени во општинската администрација и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот на Општината со Правилникот за систематизација на работните места на Општината Карпош.

**Член 21**

За правата, должностите и одговорностите кои произлегуваат од работниот однос на административните службеници, се применуваат законските одредби со кои се уредуваат овие права.

**Член22**

За вработените што немаат статус на административни службеници ќе се применуваат одредбите од областа на работните односи.

**Член 23**

Составен дел на Одлуката е графичкиот приказ на организационата поставеност на Општина Карпош.


СОВЕТ
ГРАДОНАЧАЛНИК
СЕКРЕТАР НА ОПШТИНАТА
преставник на раководство на квалитет(ПРК)
А. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
А1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВА
А2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА
Б. СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
Б1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРД. НА АКТИВНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
Б2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОМОШНИ РАБОТИ
Б3. ОДДЕЛНИЕ ЗА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА МЕСНА САМОУПРАВА
Б4. ОДДЕЛНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА СПАСУВ. НА ГРАЃАНИТЕ И МАТ.ДОБРА
Б5. ОДДЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТ. КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА
Б6. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ГЕОИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ (ГИС)
В. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
В1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА
В2. ОДДЕЛНИЕ ЗА УТВРДУВ.И НАПЛАТА НА ДАНОЦИ, ТАКСИ И ДР. НАДОМЕСТОЦИ
В3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА
В4. ОДДЕЛНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ПЛАКАЊЕ
Г. СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Г1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАБАВКИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ
Г2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАБАВКИ ОД ГОЛЕМА ВРЕДНОСТ
Д. СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА
Д1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
Д2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАНАЕТЧИСТВО, УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ
Д3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ
Ѓ. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ
Ѓ1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
Ѓ2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ
Ѓ3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Ѓ4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НЕДВИЖЕН ИМОТ И ПОСТАПКА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖНОСТИ
Е. СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ
Е1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Е2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
Ж. СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
Ж1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
Ж2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
Ж3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И СПОРТ
З. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА
З1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА
З2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ
Ѕ. СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦ. НА ГРАЃАНИТЕ
Ѕ1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ
Ѕ2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ
И. СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ
И1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКА И ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА
И2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА
И3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА
Ј. СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА И АРХИВСКИ РАБОТИ
Ј1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ
Ј2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНИ И АРХИВСКИ РАБОТИ
К. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
Л. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 24

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр.07-2730/2 од 31.08.2009 година /"Службен гласник на Општина Карпош бр. 09/2009, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр.07-10333/4 од 24.12.2010година

/Службен гласник на Општина Карпош бр.14/2010/, Одлуката за изменување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр.07-9497/23 од 22.12.2011 година/Службен гласник на Општина Карпош бр.19/2011, Одлуката за изменување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр.07-1012/5 од 17.02.2012 година/Службен гласник на Општина Карпош бр.3/2012/, Одлуката за изменување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр.07-2849/14 од 27.04.2012 година/Службен гласник на Општина Карпош бр.5/2012/ и Одлуката за изменување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр.07-3743/11 од 08.06.2012 година/Службен гласник на Општина Карпош бр.7/2012/ .

### Член 25

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Карпош, по добиена Согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Број: 08-6113/35**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година, донесен на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 август 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6306/34**
**Датум: 26.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и осмата седница, одржана на 25 август 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година**

Во програмата за активностите на општина Карпош во областа на образованието за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2014 и 10/2015) се врши изменување и дополнување, така што:

I. Во оддел II Проектни активности, точка 15, по постоечкиот наслов се додава нов наслов кој гласи: „(Беспалтни) излети за учениците од I до VI одделение за учебната 2015/2016 година.“

По измената и дополнувањето, насловот на точка 15 гласи:

„- (Бесплатни) излети за учениците од I до V одделение за учебната 2014/2015 година и
- (Бесплатни) излети за учениците од I до VI одделение за учебната 2015/2016 година“.

II. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

**Број: 08-6113/36**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2015 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2015 година, донесена на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 август 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6306/35**
**Датум: 26.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36, став1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и осмата седница, одржана на 25 август 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2015 година**

I. Во програмата за активностите на општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2015 година се врши изменување и дополнување, така што во оддел II Проектни активности, поднаслов Парична помош за лица/семејства во социјален ризик и хуманитарни акции и еднократна парична помош за новороденчиња, по точка 15 се додава нова точка 16, која гласи:

| 16. | **Бесплатно осигурување на станбени објекти за социјално ранливи категории од општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување на осигурителни полиси за осигурување на домаќинствата за социјално ранливи категории од подрачјето на општина Карпош |
| **Стратешки насоки и цели:** | Општи цели<br>- Грижа на локалната самоуправа за најранливите категории<br>Специфични цели<br>- Обезбедување на осигурување на домовите од природни непогоди на домови на социјално загрозени семејства на територијата на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Социјална сигурност на семејствата од социјално ранливите категории и поголема ефикасност на средствата од Буџетот на општина Карпош |
| **Целна група:** | Социјално загрзени семејства со адреса на живеење на територијата на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **200 000,00 денари**<br>Реализатор:Младински Европски Едукативен Центар-Скопје |
| **Главни активности/трошоци:** | 1. Формирање на тим задолжен за реализација на проектот, |

| | |
|---|---|
| | 2. Состанок со надлежните од Општина Карпош<br>3. Состанк со осигурителни компании. Организацијата Младински Европски Едукативен Центар го задржува правото да избере најповолна понуда,<br>4. Ажурирање на списокот на лица-семејства во социјален ризик,<br>5. Објава на повик за пријавување за бесплатното осигурување на домот,<br>6. Избор на социјално загрозени семејства кои ќе добијат бесплатно осигурување на нивниот дом. Изборот ќе се врши на принцип прв дојден-прв услужен поради еднаквите услови,<br>7. Обезбедување полиси за осигурување на домот од природни непогоди,<br>8. Завршен состанок на тимот и прибирање feedback,<br>9. Обезбедување на видливост за завршениот проект (прес конференција) |

II. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2015 година во табелата вкупна сума и во оддел III ФИНАНСИРАЊЕ во ставот 1, по зборовите во износ од, износот 5.075.000,00 денари се брише и заменува со износот 5.275.000,00 денари

III. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Карпош“.

**Број: 08-6113/37**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година, донесена на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 август 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 10-6306/36**
**Датум: 26.08.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и осмата седница, одржана на 25 август 2015 година, донесе

## ПРОГРАМА

**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година**

**Во програмата за активностите на општина Карпош во областа на спортот за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2014) се врши изменување и дополнување, така што:**

I. Во оддел II Проектни активности, точка 18. Финансиска поддршка на Кошаркарскиот Клуб Карпош Соколи 2000, се менува насловот така што зборовите Кошаркарски Клуб Карпош Соколи 2000 се заменуваат со зборовите „ Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје“.
По измената и дополнувањето, насловот на точка 18 гласи:
„18. Финансиска поддршка на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје“.

II. Во точката 18. Финансиска поддршка на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје, делот „Предвидена финансиска рамка“ се менува и дополнува, така што износот 12.000.000,00 денари се брише и заменува со износот 20.000.000,00 денари.
По изменувањето и дополнувањето, делот Предвидена финансииска рамка гласи:
„20.000.000,00 денари“.

III. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година во оддел III ФИНАНСИРАЊЕ во ставот 1, по зборовите во износ од, износот 26.190.000,00 денари се брише и заменува со износот 34.190.000,00 денари

IV. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

**Број: 08-6113/38**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за подрачје на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за подрачје на Општина Карпош, донесена на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 август 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6306/37**
**Датум: 26.08.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 10 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на тиресет и осмата седница, одржана на 25 август 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за подрачје на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош го усвојува Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави за подрачје на Општина Карпош.

**Член 2**

Примерок од одлуката да се достави до Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра при Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-6113/39**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за ограничување на престој во училишни дворови и дворови на јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош по 23 часот**

1. Се објавува Одлуката за ограничување на престој во училишни дворови и дворови на јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош по 23 часот, донесена на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 август 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6306/38**
**Датум: 26.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, член 64, став 3 и член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и осмата седница, одржана на 25 август 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ограничување на престој во училишни дворови и дворови на јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош по 23 часот**

**Член 1**

Со оваа одлука, со цел заштита на имотот на општината, не се дозволува престој во училишните дворови и дворовите на јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош, секој ден од 23.00 часот до 07.00 часот наутро, освен за лица вработени во овие установи.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за односи со јавност и информација на граѓаните да ја запознаат јавноста со содржината на оваа одлука.
Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работтата на Советот примерок од оваа одлука да достави до Полициска станица од општа надлежност – Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-6113/40**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за објавување на оглас за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година**

1. Се објавува Одлуката за објавување на оглас за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година, донесена на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 август 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6306/39**
**Датум: 26.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 3. Стипендии за талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 18/2014), Советот на Општина Карпош, на триесет и осмата седница, одржана на 25 август 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за објавување на оглас за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година да ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисијата да биде составена од пет члена, од кои три члена од општинската адмнистрација и два члена од Советот на Општина Карпош.

**Член 4**

За членови од Советот на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:

- Давор Грче , член на Советот на Општина Карпош и
- Марјан Огњановски, член на Советот на Општина Карпош.

**Член 5**

На јавниот оглас можат да учествуваат талентирани спортисти кои се жители на Општина Карпош и кои биле прогласени за најдобри поединци во училишните спортски игри во организација на Општина Карпош и биле редовни ученици во IX одделение во учебната 2014/2015 година, како и редовни ученици во VIII и IX одделение во учебната 2015/2016 година во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош.

Заинтересираните кандидати, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Потврда од училиштето дека спортистот бил редовен ученик во IX одделение за учебната 2014/2015 година во општинско основно училиште од подрачјето на Општина Карпош,
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во учебната 2015/2016 година во општинскоe основно училиште од подрачјето на Општина Карпош,
- Биографија на спортистот,
- Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.09.2014 година до 31.08.2015 година или Решение за најдобар поединец во Училишните спортски игри, издадено од Општина Карпош.

**Член 6**

Спортистот е потребно да има постигнување на егзактни (индивидуални) спортски резултати добиени од националните спортски федерации за периодот од 01.09.2014 година до 31.08.2015 година и да се во согласност со календарот на натпревари на матичните национални федерации.
Бодувањето на апликациите ќе се врши согласно следните критериуми за доделување на стипендии на талентирани спортисти:

- Освоено индивидуално I место (1 бод) на државно првенство,
- Награда за индивидуалани постигнувања на државно првенство (1 бод)
- балканско првенство од I до II место (4 и 3 бода),
- европско првенство I до II место ( 6,5 и 4 бода)
- светско првенство (учество 3 бода)
- училишни спортски лиги во организација на Општина Карпош (во фудбал, кошарка, одбојка-девојчиња и шах) и истите да се прогласени за најдобри поединци.

Останатите успеси и резултати кои не се во согласност со календарот на натпревари од националните и меѓународни спортски федерации, нема да се земат предвид.

**Член 7**

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.000,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

Во зависност од приложените спортски успеси на талентираните ученици рангирањето и финансиската поддршка ќе се додели како:

1. За освоени до два бода, висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари,
2. За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.
3. За најдобрите поединци спортисти прогласени во училишните спортски игри во организација на Општина карпош (во фудбал, кошарка, одбојка-девојчиња и шах) висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка за спортски стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-6113/41**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за објавување на оглас за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година**

1. Се објавува Одлуката за објавување на оглас за доделување на стипендии на талентирани ученици од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година, донесена на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 август 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6306/40**
**Датум: 26.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 1. Стипендии за талентирани ученици од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 18/2014), Советот на Општина Карпош, на триесет и осмата седница, одржана на 25 август 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за објавување на оглас за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување на стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2015/2016 година да ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисијата да биде составена од пет члена, од кои три члена од општинската адмнистрација и два член од Советот на Општина Карпош.

**Член 4**

За член од Советот на Општина Карпош во Комисијата се именува
Зоран Поповски, член на Советот на Општина Карпош и
Љиљана Симоновска, член на Советот на Општина Карпош.

**Член 5**

На јавниот оглас можат да учествуваат талентирани ученици кои се жители на Општина Карпош и да се редовни ученици во VIII и IX одделение во учебната 2015/2016 година во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, како и да имаат остварено континуиран успех во текот на школувањето од VI одделение од најмалку 4.00.

Заинтересираните кандидати, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Потврда од училиштето дека кандидатот е редовен ученик во VIII и IX одделение во учебната 2015/2016 година во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош,
- Биографија на ученикот
- Фотокопии од свидетелства од VI до IX одделение
- Фотокопии од дипломи од освоени награди на натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста од VI до IX одделение,
- Препорака од класниот раководител или предметниот наставник.

**Член 6**

Кандидатот е потребно да има освоени награди од областа на науката, техниката, културата и уметноста од VI до IX одделение.
Бодирањето на кандидатите ќе се врши согласно следните критериуми за доделување стипендии на талентирани ученици:

- I место градски натпревар (0,5 бода),
- I место државен натпревар (1 бод),
- I или II место меѓународен натпревар (2 и 1 бод).

Наградите приложени од нелиценцирани организатори на натпревари нема да бидат земени во предвид.

**Член 7**

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.
За освоени од еден до пет бода, висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари.
За освоени шест и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-6113/42**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 до 30.06.2015 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 до 30.06.2015 година, донесен на триесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 август 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6306/41**
**Датум: 26.08.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на триесет и осмата седница, одржана на 25 август 2015 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 до 30.06.2015 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 до 30.06.2015 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за финански прашања.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-6113/43**
**Датум: 25.08.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски**

Образец К1

# Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал о од 01.01.2015 година, до 30.06.2015 година

Општина : **Општина Карпош**

Извештаен период од: од **01.01.2015** година, до **30.06.2015** година

Датум на поднесување на извештајот :

| Приходи - Квартал 4 | Буџет за 2015 | | Дотации за 2015 | | Самоф.актив. за 2015 | | Донации за 2015 | | Кредити за 2015 | | Вкупно за 2015 | | Во денари Останува за реализ. до крај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :** | **1.150.000.000** | **237.185.903** | **320.400.000** | **155.924.998** | **50.918.000** | **18.718.484** | **5.300.000** | **924.072** | **208.425.000** | **145.500.000** | **1.735.043.000** | **558.253.457** | **1.176.789.543** |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :** | **616.335.000** | **194.437.353** | **318.754.000** | **154.011.508** | **47.778.000** | **17.114.447** | **5.300.000** | **915.548** | **13.495.000** | **12.550.905** | **1.001.662.000** | **379.029.761** | **622.632.239** |
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :** | **376.000.000** | **45.921.788** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **376.000.000** | **45.921.788** | **330.078.212** |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :** | **909.665.000** | **88.670.338** | **1.646.000** | **117.366** | **3.140.000** | **337.456** | **0** | **0** | **194.930.000** | **128.478.045** | **1.109.381.000** | **217.603.205** | **891.777.795** |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :*** | **1.150.000.000** | **237.185.903** | **320.400.000** | **155.924.998** | **50.918.000** | **18.718.484** | **5.300.000** | **924.072** | **208.425.000** | **145.500.000** | **1.735.043.000** | **558.253.457** | **1.176.789.543** |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1.112.610.000** | **206.811.972** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.112.610.000** | **206.811.972** | **905.798.028** |
| 711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 12.050.000 | 5.565.261 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.050.000 | 5.565.261 | 6.484.739 |
| 713 Даноци на имот | 158.100.000 | 68.482.197 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 158.100.000 | 68.482.197 | 89.617.803 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 941.960.000 | 132.638.499 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 941.960.000 | 132.638.499 | 809.321.501 |
| 718 Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 500.000 | 126.015 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 126.015 | 373.985 |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **8.750.000** | **4.788.873** | **0** | **0** | **50.918.000** | **18.718.484** | **0** | **0** | **0** | **0** | **59.668.000** | **23.507.357** | **36.160.643** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.714 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.714 | -2.714 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 3.050.000 | 2.156.993 | 0 | 0 | 0 | 1.050 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.050.000 | 2.158.043 | 891.957 |
| 723 Такси и надоместоци | 1.700.000 | 787.159 | 0 | 0 | 48.682.000 | 18.649.740 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.382.000 | 19.436.899 | 30.945.101 |
| 724 Други владини услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.980 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.980 | -2.980 |
| 725 Други неданочни приходи | 4.000.000 | 1.844.721 | 0 | 0 | 2.236.000 | 62.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.236.000 | 1.906.721 | 4.329.279 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **28.640.000** | **25.585.058** | **320.400.000** | **155.924.998** | **0** | **0** | **5.300.000** | **924.072** | **0** | **0** | **354.340.000** | **182.434.128** | **171.905.872** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 28.640.000 | 25.585.058 | 320.400.000 | 155.924.998 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 349.340.000 | 181.510.056 | 167.829.944 |
| 742 Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 924.072 | 0 | 0 | 5.000.000 | 924.072 | 4.075.928 |
| **75 ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **208.425.000** | **145.500.000** | **208.425.000** | **145.500.000** | **62.925.000** |
| 754 Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 208.425.000 | 145.500.000 | 208.425.000 | 145.500.000 | 62.925.000 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :*** | **376.000.000** | **45.921.788** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **376.000.000** | **45.921.788** | **330.078.212** |
